# FOREVER

N. MACEDONIA

Април 2020 | Број 222

## ДОНЕСУВАЊЕТО НА ТЕШКИ ОДЛУКИ Е ИСКУСТВО
Rex Maughan

## ВАШАТА ИЗДРЖЛИВОСТ Е КЛУЧНА
Gregg Maughan

## ОНЛАЈН ГРАДЕЊЕ НА БИЗНИС



# Вашата издржливост е клучна






**Едно од местата кои најмногу сакам да ги посетувам во светот е Бразил. Ме привлекуваат неверојатната природа и културата исполнета со живот. Духот таму е неповторлив!**

Неодамна во Бразил имавме Accelerate X настан кој беше исполнет со енергија каква досега не сум почувствувал. Сфатив дека нивната култура има сила и издржливост кои не можат да бидат пренебрегнати. Луѓето секогаш се весели и радосни и неверојатно несебични.

За жал последните неколку години беа тешки за нивната економија. Промените во валутата и зголемувањето на царините предизвикаа драстично зголемување на цените на продуктите на Форевер. Тоа многу ја отежна работата на бразилските сопственици на Форевер бизнис.

Но и покрај финансиските тешкотии мнозина решија дека откажувањето од бизнисот нема да ги реши нивните проблеми. Требаше извесно време да издржат на бурата, дури и тоа да значеше да работат два пати понапорно и да добиваат помали доходи додека работите се подобрат. Ете тоа е издржливост!

Членовите на нашиот Глобален лидерски тим од Бразил – Лино и Ноемија Барбоса, се идеален пример, бидејќи ниту за миг не ја испуштија од вид причината поради која се вклучиле во Форевер. И покрај проблемите во нивната сакана земја тие не застанаа да работат секој ден за да го поддржат својот бизнис. Не се тревожеа. Сепак семејството Барбоса се на ниво Менаџер „ДИЈАМАНТ" и се дел од најелитната група СФБ во светот. Тоа го постигнале благодарение на својата непоколебливост.

Лино и Ноемија знаеа дека треба да работат понапорно од кога и да било за својот тим – да им покажат дека тешката ситуација во земјата не значи крај на Форевер таму. Нивната жилавост, позитивизам и посветеност се причината денес Форевер бизнисот во Бразил не само да оди добро, но и да е на пат да се врати блескаво!

Тие први ќе ви кажат дека најтешките моменти биле и најклучните, бидејќи точно тие ја ставиле на тест нивната издржливост. Дури и кога нивните блиски започнале да се сомневаат во нивната проценка или ги обземало чувството дека нивниот бизнис не напредува, Лино и Ноемија се будеа секој ден и продолжуваа да се обидуваат.

Дали некогаш се чувствувате како да сте во тешка ситуација во својот бизнис и не знаете што да направите? Следниот пат кога ќе се прашувате дали сте донеле правилна одлука и ќе можете ли да издржите извесни падови во продуктивноста или спонзорирањето, пробајте да ја канализирате енергијата на нашите сопственици на бизнис од Бразил. Тешките времиња се неизбежни, но она што го правите додека траат, одредува колку ќе уживате во добрите времиња.

**Продолжете да се насмевнувате,**

**Gregg Maughan**

Претседател на Форевер Ливинг Продактс



# Донесувањето на тешки одлуки е искуство



**Пред неколку седмици седев во салата за состаноци на раководниот тим во централната канцеларија на Форевер за разговор кој не сум претпоставил дека некогаш ќе го водам. Разговаравме за тешката одлука да го откажеме Глобалното рели за прв пат во нашата историја.**

Каква неверојатна тежина на плеќите на вработените и сопствениците на Форевер бизнис во целиот свет? Низ умот ми поминаа толку многу различни причини зошто никогаш не би направиле нешто такво.

**НА КРАЈОТ БЕШЕ ДОВОЛНО ДА СИ ЗАДАДЕМЕ ЕДНО ВАЖНО ПРАШАЊЕ: КОЈ Е НАЈГОЛЕМИОТ ПРИОРИТЕТ ВО ФОРЕВЕР? ОДГОВОРОТ БЕШЕ ЕДНОГЛАСЕН – ВИЕ, СОПСТВЕНИЦИТЕ НА ФОРЕВЕР БИЗНИС.**

Самата помисла да немаме можност да го наградиме лично секој од вас за новите нивоа и чековите од програмата Chairman's Bonus ме исполнуваше со вознемиреност и разочарување. Разгледувавме опции настанот сепак да се одржи, но имаше тешки контра аргументи колку би било нефер кон сите кои нема да можат да присуствуваат.

На крајот беше доволно да си зададеме едно важно прашање: кој е најголемиот приоритет во Форевер? Одговорот беше едногласен – вие, сопствениците на Форевер бизнис. Иако оваа одлука нè растажи, нè натера да се повлечеме и да размислиме не за непосредните последици, туку за влијанието после месеци и години. Во вредностите на Форевер најважни се сопствениците на Форевер бизнис. И додека оваа одлука може да предизвика разочарување во моментот, токму тој наш приоритет нè натера да размислиме долгорочно како тоа ќе се одрази на вашата иднина.

За лидерите искуството да носат тешки одлуки обично се состои во задавање на правилните прашања и дефинирање на приоритетите и вредностите. Интересно е што секој не знае како се прави тоа. Често сме толку страстни за сè што нѝ е од најголема полза на краткорочен план што не успеваме да видиме што би било најдобро за нас долгорочно.

Сигурен сум дека сите може да си спомнете момент од вашата работа со Форевер кога требало да донесете тешка одлука. Какви прашања си зададовте? За непосредната иднина беа, или за долгорочната? Лесно е во таков момент да си егоист, но вистинските лидери знаат дека има нешто повеќе од тоа што се случува во моментот.

Во сите мои години во Форевер сум гледал многубројни сопственици на Форевер бизнис да доаѓаат и да си одат. Оние кои се задржале ја прегрнале идејата дека ништо не се случува преку ноќ. Луѓето ги уважуваат лидерите кои ги ставаат на прво место потребите на другите, постапувајќи со емпатија и самоконтрола. Всушност го видов тоа особено изразено кај лидерите кои научиле да ги прифаќаат отказите и да ги надминат тешките економски периоди. Во такви моменти одлуките стануваат многу тешки, бидејќи можат да се одразат на вашето семејство, пријателите и останатите кои сметаат на вас.

Следниот пат кога ќе треба да донесете тешка одлука, мислете поинаку. Во срцевината на тоа што сте, во суштината на вашиот бизнис се вредностите на Форевер и ви помагаат да не се отклоните од патот. Посветувајте внимание на потребите на вашите клиенти и соработници. Прашајте сè дали вашата одлука ќе биде добра за нив и вас само во моментот или и на долгорочен план.

Се разбира дека секогаш ќе има одговор кога мислите за иднината. Многу сум горд на вработените и екипите на Форевер – не само за нивната напорна работа да планираат како ќе ве наградиме оваа година, туку и за брзите дејства по организирањето на Глобалното рели 2021 во Сиднеј, Австралија. Се надеваме дека здраво ќе работите за да бидете таму. Особено сега кога располагате со лидерските вештини да мислите какви одлуки можете да донесете денес, за да е подобар утрешниот ден!

**Засекогаш Ваш,**

**Rex Maughan**

Главен извршен директор на ФЛП

# Forever Calcium




+ Помага за градба на силни коски
+ Поддршка за оптимално здравје на коските
+ Во комбинација со здрав животен стил помага да се намали ризикот од остеопороза
+ Клучна мешавина од нутриенти и минерали
+ Без глутен

FOREVER®



# Предизвиците се и можности

**Тоа што се случува во последните седмици и месеци го постави бизнисот на сите нас пред сериозни предизвици од една страна. Од друга страна тие настани отворија и нови можности.**



Презедовме невидени чекори да откажеме многубројни настани на компанијата, средби, претставувања и обуки, вклучително и Глобалното рели на Форевер во Сиднеј, Австралија. Сето ова беше направено бидејќи нашата компанија на прво место ја става грижата за луѓето околу нас и нивните семејства. Ја сфативме ситуацијата и продолжуваме да се однесуваме сериозно кон неа и бараме и од вас да сте одговорни кон општеството во кое живееме, не само следејќи ги препораките на властите, туку и да сте проактивни во процесите на решавање на проблемите.

Сето ова во никој случај не значи дека нашата работа треба да запре додека ситуацијата не се нормализира. Напротив. Она што се случува и ограничувањата што се воведуваат отвараат пред секој од нас нови можности и предизвици кои можат да бидат многу корисни во нашиот процес на работа со луѓето. Можеби сега е најпогодниот момент да ги усовршите вештините за комуникација со помош на нови алатки. Благодарение на новите технологии за онлајн комуникација можете да продолжите да работите со своите тимови и ново спонзорираните СФБ. **Zoom** и **GoToMeeting** се меѓу најпопуларните алатки за онлајн презентации пред мали и поголеми групи, а со **Skype**, **Messenger** и **WhatsApp** можете да сте постојано во контакт со вашите групи и на располагање за прашања и совети.

Освен тоа, сега кога поминувате повеќе време дома, е многу погоден момент да го актуализирате списокот со контакти и да ги посоветувате соработниците да го направат истото. Користете го времето и организирајте контакт со нови потенцијални клиенти и соработници, но не заборавајте дека моментот е добар и да се поврзете со луѓето со кои не сте комуницирале долго време – и клиенти, и соработници.

Тековната ситуација нѝ дава и можност да им помогнеме на повеќе луѓе преку запознавање со нашите производи и нивната улога за компензирањето на дефицити во организмот и на тој начин потпомагањето на имунолошкиот систем. Во моментот секој е подготвен да ве слуша повеќе од кога и да било.

Секако, етиката бара да не ја поврзувате директно употребата на производите со конкретни вируси и заболувања, но секој ќе се согласи дека здравиот и витален организам се очекува да се справи со предизвиците далеку подобро.

**Затоа, не бидете без активности заради предизвиците на ситуацијата, туку искористете ги можностите кои ги дава.**

Сигурни сме дека сѐ ќе помине брзо, а дотогаш **бидете претпазливи**, следете ги инструкциите за намалување на ризиците, **пијте редовно гел од алое вера, пробиотик и повеќе витамини и антиоксиданти** и не заборавајте ДА СЕ НАСМЕВНУВАТЕ!

**Секогаш со Вас,**

*Стефан и Тања Стаеви*

# Внатрешен **штит** на телото

Денес е поважно од секогаш заштитните сили на нашиот организам да работат оптимално. Според специјалистите, 70-80% од клетките на имунолошкиот систем се наоѓаат во ѕидовите на цревата. Многубројните микроорганизми кои ги населуваат самите црева, ги „научиле“ како да го заштитат нашето тело од натрапниците. За да сме здрави е особено важно бактериската флора во нашиот дигестивен систем да е балансирана и „добрите“ бактерии во неа да преовладуваат. Одлични сојузници за ова се уникатниот ГЕЛ ОД АЛОЕ ВЕРА на Форевер и научно разработениот пробиотик ФОРЕВЕР АКТИВ ПРО-Б. Сите знаеме дека полисахаридот ацеманан и другите хранливи материи во состав на ГЕЛОТ ОД АЛОЕ ВЕРА на Форевер придонесуваат за поткрепа на имунолошкиот систем. Освен тоа, тој делува и како дополнителен пребиотик, бидејќи обезбедува храна на шест соеви корисни бифидо и лакто бактерии со кои нè исполнува секоја капсула на клинички проучениот АКТИВ ПРО-Б.




Forever ACTIVE PRO-B™ | код: 610

Forever Aloe Vera Gel® | код: 015

**Добитната комбинација за заштитен организам!**



# Онлајн градење на бизнис

## КАКО ДА СОЗДАВАМЕ КОНТАКТИ И ДА ДОБИЕМЕ НОВИ СОРАБОТНИЦИ

**Не е задолжително создавањето на нови контакти и добивањето на нови бизнис соработници да станува лично. Всушност може да се остварува директно од вашата кујнска маса! Дигиталниот свет денес нѝ дава можност да сме поповрзани од секогаш. Еве неколку едноставни совети за наоѓање на нови луѓе и нивно освојување за клиенти или членови на вашиот тим, како и за поддршка на нивниот ентузијазам и интерес со помош на различни онлајн платформи.**

### 1 Доследна комуникација

Бидете доследни кога се поврзувате со луѓето. Како и да е, повеќето контакти се прават онлајн. Има едноставни начини да наоѓате нови луѓе на интернет преку социјалните мрежи или различни форуми, но бидете коректни и не се обидувајте да привлечете луѓе за кои знаете дека се СФБ или клиенти на СФБ од друг тим. Работете со вашиот список со познати, јавувајте сѐ на телефон или пратете им порака.

### 2 Пробудете интерес

Искористете го времето кое инаку би го одвоиле за договарање на средби лице в лице, за да сте поактивни на социјалните мрежи и да направите силно присуство. Форевер Ливинг предлага одлична алатка која ќе ви помогне да започнете и ќе ве ориентира како да ги организирате социјалните мрежи и веб сајтови. Видете го онлајн прирачникот за дигитален маркетинг за идеи и совети во дел „Полезно" на **www.flp.bg**.

### 3 Онлајн средби

Денес има толку многу начини да комуницираме дигитално. Можете да организирате вебинари или средби со платформи како GoToMeeting, Zoom, Skype или Google Hangouts. Можете да им ги претставите производите на потенцијални клиенти така што ќе им испратите мостри и потоа ќе комуницирате по телефон или со видео-разговор. Денес видео-разговорите можат да бидат не помалку ефективни од лична средба. Помагајте им на новите членови на вашиот тим да ги развиваат нивните вештини и знаења, така што ќе правите онлајн обуки или споделувате некои од готовите обуки во мобилната апликација Discover Forever и **онлајн системот за презентации**.

### 4 Работете стратешки со ФЛП 360

Новиот ФЛП360 ви дозволува не само да го надгледувате и управувате растот на вашиот бизнис преку онлајн извештаи, туку ви предлага и алатки за создавање на социјални публикации и лендинг страници со кои ќе привлекувате нови клиенти и соработници во вашиот бизнис. Освен тоа со иновативните можности на платформата можете да си направите стратегија за следење на контакти, да пробудите интерес кон вашиот бизнис со последователни публикации на социјалните мрежи и да се поврзувате со вашите контакти брзо и лесно. Претплатете сѐ денес на flp360.foreverliving.com.

FOREVER®

# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ФЕВРУАРИ 2020 ГОДИНА

## СУПЕРВИЗОР

1. Јанева Станка
2. Крстевски Лидија и Горан
3. Милеска Билјана
4. Наќеска Ивана

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ

1. Адеми Фарук
2. Ајдиноска Алмира
3. Александровска Јасмина
4. Ангеловски Воја
5. Арсевска Марија
6. Атанасовска Верица
7. Бојчевиќ Анка
8. Валон Хани
9. Василевска Бадева Маја
10. Василевска Билјана
11. Василевска Славица
12. Димитриеска Татјана
13. Димитрова Славица
14. Димитровска Сунчица
15. Ѓорѓиева Мелина
16. Ѓориќ Јадранка
17. Златкова Валентина
18. Зулфију Шпреса
19. Имери Џеврије
20. Јакимоска Емилија
21. Јовановиќ Славица
22. Јовановска Ана
23. Јовановска Тања
24. Јовановски Филип
25. Китанова Славица
26. Коцева Тања
27. Колевска Билјана
28. Костадинова Билјана
29. Ласкова Љубица
30. Малинкова Лила
31. Милановска Викторија
32. Милушева Слободанка
33. Миовска Маја
34. Митева Лилјана
35. Наумоска Радеска Јасна
36. Николова Бранкица
37. Николовска Ангела
38. Пејчевска Светлана
39. Петковска Виолета
40. Попова Даниела
41. Поповски Лука
42. Ристова Даниела
43. Ривајет Абди
44. Софијанова Аспазија
45. Стамкова Александра
46. Станковска Габриела
47. Ставреска Савеска Билјана
48. Стојановска Љубинка
49. Стојческа Билјана
50. Стојчев Мартин
51. Стојковска Милчевска Стефанија
52. Светозаревиќ Мила
53. Трајчевска Тања
54. Христовска Соња
55. Чапарова Стојановска Јулијана
56. Шаренкова Марија

## КЛУБ 4

**Клуб 4 – ниво 1**

Надица Драскачева

**Клуб 4 – ниво 2**

Ленче и Тошо Анаќиеви
Моника Гелевска Радевски
Трајче Давитковски

## ТОП 10

| ВКУПЕН ОБЕМ | НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ |
|---|---|
| 1. Др.Роза Гелевска | 1. Стевица Димовска |
| 2. Славица Донакова | 2. Елена Гелевска |
| 3. Др.Снежана Контра | 3. Жарко Георгиевски |
| 4. Стевица Димовска | 4. Славица Донакова |
| 5. Вера Златковска | 5. Вера Златковска |
| 6. Жарко Георгиевски | 6. Фердезе Сулејмани |
| 7. Катерина Трајчевска | 7. Слаѓана Маџова |
| 8. Елена Гелевска | 8. Др.Роза Гелевска |
| 9. Блага Крстеска | 9. Др.Гордана Николиќ |
| 10. Слафко Михајловски | 10. Емине Зеќири |

**facebook**

**Следете ја официјалната фејсбук страница**
**Forever Living Products, MK**
**за да бидете во тек со сите новини, промоции, обуки и претставувања кои ги организираме.**

Like

**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815; 2465826; 070236609
e-mail:flp@t-home.mk

Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.

## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**
- онлајн преку линкот http://flp.bg/mac/order/
- доколку не сте во можност да порачате онлајн, можете телефонски на 02 2465846, 02 2465826 и 070 236609 секој работен ден од 9 до 19 часот. Порачките кои се примени до 14 часот се испраќаат од канцеларијата на Форевер истиот работен ден. Вие ја добивате порачката на домашна адреса во рок од 24 часа и ја плаќате на доставувачот.